0

**Општина Босилово**
**Бр. 04-259/1**
**21.01.2019 год.**
**Б о с и л о в о**

Врз основа на чл.48 од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/16 и 142/16,2/207,16/2017,11/208), чл.2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен Весник на Република Македонија" бр. 11/2015 и 35/2018)Општина Босилово објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС број 01/19**
**за пополнување на работно место со унапредување**

1. **Раководител на одделение за внатрешна ревизија**, со шифра **УПР0101Б04000, ниво Б04** во Одделението за внатрешна ревизија **1 (еден) извршител.**

Општи услови, утврдени со член 31 став (1) од Законот за административните службеници се:

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови предвидени за работното место утврдени со Законот за административните службеници и актот за систематизација:

- Стручни квалификации - ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен правни науки;

- Положен испит за административно управување

- Работно искуство, најмалку три години работно искуство во струката;

- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во Општина Босилово кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во овој закон и во актот за систематизација како и:

- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување;

- да е на работно место кое согласно актот за систематизација на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас;

- да поминал најмалку две години на тековното работно место и

- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на огласот (не сметајќи го денот на самото објавување).

Заинтересираните административни службеници поднесуваат пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место (доколку истите ги немаат претходно доставено во персоналното досие) преку архивата на Општина Босилово до Одделението за управување со човечки ресурси на адреса Општина Босилово како и до службената електронска адреса **opstinabosilovo1@gmail.com** со назнака "за интерен оглас".

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Секретарот на Град Скопје.

<u>**НАПОМЕНА:**</u> Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

**Општина Босилово**
**Градоначалник**
**Зоран Зимбаков**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Градоначалник Босилово ОПШТИНА БОСИЛОВО